Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

**ПУБЛИКАЦИЈА бр. 7**
**Март – Април 2007**

# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***

**1 Настани кои го одбележаа финансискиот пазар изминатиот период**

- 1.1 Движења на финансискиот пазар во Р. Македонија
- 1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија
- 1.3 Одржување на шестиот состанок на Пазарниот комитет
- 1.4 Шеста емисија на обврзници за денационализација
- 1.5 Одржување на обука за банкарските службеници
- 1.6 Воведување на неконкурентни понуди
- 1.7 Задолжителна котација на Пазарот преку шалтер

**2 Пазар на државни хартии од вредност**

- 2.1 Примарен пазар
- 2.2 Секундарен пазар
  - 2.2.1 Македонска берза
  - 2.2.2 Пазар преку шалтер

**3 Календар на аукции за втор и трет квартал во 2007 година**

**4 Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)**

**5 Контакти**

***Мај, 2007***

www.finance.gov.mk

# 1 НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## *1.1 Движења на финансискиот пазар во Р. Македонија*

Каматните стапки на 3-месечните ДХВ забележуваат благ раст во март и опаѓање на последната аукција во месец април, додека кај 6-месечните ДХВ каматните стапки забележуваат пораст во март и благо опаѓање во месец април. Кај останатите ДХВ во истиот период, каматните стапки бележат намалување во однос на претходните аукции.

Така, кај 3-месечните ДХВ, каматната стапка на првата аукција во март изнесуваше 6,40%, потоа порасна до 6,43%, а веќе во наредниот месец бележи пораст и го достигна нивото од 6,59%, за да на последната аукција во април забележи пад и го достигне нивото од 6,25%. Додека пак, каматната стапка на 6-месечните ДХВ, во месец март изнесуваше 6,96%, а на аукцијата одржана во месец април забележа благо намалување и го достигна нивото од 6,83%.

Забележан е пад и кај каматната стапка на 12-месечните ДХВ при што постигнатата каматната стапка од 8,37% е за 0,42 процентни поени помала од каматната стапка постигната на аукцијата одржана во месец јануари 2007 година. Каматната стапка на 3-годишната ДО во месец април изнесува 7,999% односно забележува пад споредено со аукцијата во месец ноември 2006 година, кога изнесуваше 9,621%.

Доколку се направи споредбена анализа на движењата на каматните стапки на ДХВ во 2006 и 2007 година истата ќе покаже тренд на намалување. Илустративно, пондерираната каматна стапка на 3-месечните државни записи постигната на аукциите во месец март 2006 година изнесуваше 6,85%, додека истата каматна стапка постигната на аукциите во иститот месец во 2007 година се намали за околу 0,43 процентни поени и изнесуваше 6,42%. Кај 6-месечните државни записи пондерираната каматната стапка во март 2006 изнесуваше 7,28% и со перманентно намалување на истата во текот на годината, во март 2007 беше постигната каматна стапка од 6,96%. Трендот на движење на каматните стапки е идентичен и кај останатите ДХВ.

## *1.2 Движења на секундарниот пазар на ДХВ во Р. Македонија*

На пазарот преку шалтер е направена една трансакција во месец март кај тримесечните ДЗ, во номинален износ од 30.000.000 денари со цена од 99,9417 и принос до достасување од 4,2%. Во месец април кај ДЗ вкупно е тргувано со

30.000.000 денари преку 4 трансакции со просечна цена од 98,5854 и просечен принос до достасување од 6,15%. Додека кај ДО во март забележани се 20 трансакции со вкупен номинален износ од 116.000.000 денари, со просечна цена од 99,51 и просечен принос до достасување од 8,79%. Во април на пазарот преку шалтер се остварени 13 трансакции со ДО во вкупен износ од 126.400.000 денари, со просечна цена од 99,21 и просечен принос до достасување од 7,80%.

Може да се забележи дека кај ДЗ тргувано е со ист износ во месец март и април, а просечната цена бележи пад, додека просечниот принос до достасување се зголемува за 1,95 процентни поени. Додека пак, кај ДО во месец април се намалуваат просечната цена и просечниот принос до доспевање, во однос на месец март, но номиналниот износ на тргување се зголемува за 10.400.000 денари. Бројот на трансакции кај ДО бележи намалување за седум трансакции во месец април.

На Македонската берза во месец март се тргуваше со структурни обврзници со вкупен обем од 2.904.416 ЕУР, а вкупниот промет на тргување со структурните обврзници изнесува 2.312.890 ЕУР или 141.492.558 денари. Прометот на тргување се добива со множење на остварената цена и обемот (номиналната вредост) на хартијата од вредност. Просечниот принос до достасување изнесува 8,19%. Вкупниот обем на тргување на Македонската берза со структурни обврзници во април изнесуваше 4.279.606 ЕУР, а вкупниот промет на структурните обврзници изнесува 3.424.294 ЕУР или 209.474.365 денари. Просечниот принос до достасување изнесува 8,37%. Може да се согледа дека во месец април е остварен поголем обем на тргување за 1.375.190 ЕУР и поголем промет за 1.111.404 ЕУР. Исто така, приносот до достасување во месец април е поголем за 0,18 процентни поени. Учеството на странските инвеститори на Македонската берза кај обврзниците изнесува 10,73% во месец март, а во април го достигна нивото од 11,14%.

### *1.3 Одржување на шестиот состанок на Пазарниот комитет*

На 02.03.2007 година, во просториите на Министерството за финансии, се одржа шестиот состанок на Пазарниот комитет за развој на Пазарот на државни хартии од вредност. На Пазарниот комитет учествуваат претставници од банките, од пензиските друштва, од Народна банка на Република Македонија, претставници од ЦДХВ, од Македонска берза, претставници од Министерството за финасии, а со состанокот претседава Заменик министерот за финансии.

На состанокот најнапред беа презентирани редовни информации за развојот на пазарот на ДХВ во 2007 година, а потоа и информации за имплементацијата на неконкурентните понуди, за промените на секундарниот пазар, за претстојната обука на банкарските шалтерски службеници и за временското одржување на аукциите на ДХВ и благајничките записи.

По дискусијата на изнесените теми на Пазарниот комитет беа донесени следниве заклучоци:

- Фрекфренцијата на издавање на државните хартии од вредност да се задржи на исто ниво како досега;
- Министерството за финансии и Македонска берза инициараа укинување на провизијата која се плаќа за трансакциите на континуираните ДХВ на Македонската Берза АД Скопје кај Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) со цел да се подобри конкурентноста на берзата во овој развоен период. Со истата цел, да се продолжи и периодот на договорот според кој не се плаќа провизија за трансакции на пазарот преку шалтер кај ЦДХВ. Членовите на Пазарниот комитет, овој став да го пренесат на нивните претставници во Управниот Одбор на ЦДХВ.
- Министерството за финансии да го објавува Проспектот за аукциите на три месечните државните записи до 10:00 часот, а Проспектите за останатите хартии од вредност да се објавуваат исто како и досега до 14:00 часот.

### *1.4 <u>Шеста емисија на обврзници за денационализација</u>*

Министерството за финансии ја издаде Шестата емисија на обврзници за денационализација на домашниот примарен пазар.

Вкупниот износ на кој се издаваат обврзниците за денационализација од Шестата емисија е 18.000.000,00 ЕВРА. Со Шестата емисија на обврзниците за денационализација опфатени се сите решенија за денационализација кои станале правосилни до 31.12.2006 година, а во кои како надомест се даваат обврзници.

Обврзниците за денационализација се издаваат како дематеријализирани хартии од вредност, а на сопствениците на обврзниците им се доставува на домашна адреса известување за висината на правото на обврзниците во ЕВРО валута.

Тргувањето со обврзниците за денационализација од Шестата емисија се врши на Македонската берза АД Скопје започнувајќи од 14 март 2007 година со посредство на брокерските куќи и банките - членки на Македонската берза АД Скопје.

Обврзниците за денационализација пред рокот за нивното достасување граѓаните може да ги користат за: купување на акции и удели на претпријатијата кои ги поседуваше Агенцијата за Приватизација на Република Македонија, а согласно закон се распределени во други надлежни институции; акции и удели на претпријатијата кои се резервирани за поранешните сопственици согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал; плаќање на побарувања пренесени со закон на Агенцијата на Република Македонија за управување со средства (Функциите на Агенцијата за управување со средства од

месец април 2005, преминаа во рамки на Министерството за финансии); купување на државен имот кој е понуден за продажба и за чиј откуп е предвидена можност за плаќање со обврзници; купување на акции и удели на државен капитал во процесот на негова приватизација; плаќање на надомест за концесија на државен имот; купување или плаќање на закуп на државен имот; плаќање на обврски кои произлегуваат од Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација и друг еквивалент на сопственост определен со закон.

### 1.5 Одржување на обука за банкарските службеници

Министерстото за финансии организираше обука за банкарските службеници која се одржа на 26.03.2007 и 27.03.2007 година. На обуката присуствуваа 160 банкарски службеници од 15 банки. Обуката беше спроведена со цел да се запознаат банкарските службеници со информации за развојот на пазарот на ДХВ во 2007 година, како и со информации за подобро опслужување на клиентите заинтересирани за купување на ДХВ.

На крајот од обуката беше спроведена анкета за корисноста на истата и најголем број од банкарските службеници одговорија дека обуката била корисна и дека се надеваат дека и во иднина ќе се одржуваат вакви и слични обуки за пазарот на ДХВ.

### 1.6 Воведување на неконкурентни понуди

Министерството за финансии започнувајќи од 10.04.2007 година воведе неконкурентни понуди како нов начин на аукцирање (за физички лица) на македонскиот пазар на ДХВ. Износот на неконкурентните понуди на првата аукција на нивното појавување беше определен на 1% од понудениот износ.

Согласно дефиницијата дадена во *Правилникот за изменување и дополнувања на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност* (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/2007) под неконкурентна понуда се подразбира купување на ДХВ при што се аукцира само со износ, додека цената е еднаква на пондерираната (просечната) цена (каматна стапка) постигната на аукцијата (во делот за конкурентни понуди).

Неконкурентните понуди Министерството за финансии ги воведе со цел да им се овозможи на физичките лица, учесници на аукцијата поедноставување на процедурата за учество на аукција која покрај износот за аукцирање, бара од учесниците и поголеми знаења и повеќе информации за определување на каматната стапка.

Износот за неконкурентни понуди по аукција, Министерството за финансии го дефинира во секој Проспект за ДХВ како процент од износот на ДХВ кој е понуден за

продажба на аукцијата.

### *1.7 Задолжителна котација на Пазарот преку шалтер*

По иницијатива на банките на Пазарниот комитет, Народна банка на Република Македонија во соработка со Министерството за финансии со цел да се промовира тргувањето со државните хартии од вредност на пазарот преку шалтер, направи извесни промени во Правилата за начинот и постапката за тргување и порамнување на трансакции со хартии од вредност на пазари преку шалтер, со што се воведе задолжително котирање за ДХВ во износ од 1.000.000 денари. Задолжителната котација започна да се применува од 01.03.2007 година за ДЗ, а за ДО ќе се воведе задолжителна котација од 01.09.2007 година.

# 2 ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 2.1 Примарен пазар

| | Резултати од аукции на ДХВ за март 2007 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци | 3 години |
| | DZ2007/05-91 | DZ2007/06-91 | DZ2007/03-182 | DZ2007/02-364 | DO2007/02-0410 |
| ISIN код | MKMINFDZ7058 | MKMINFDZ7066 | MKMINFDS7032 | MKMINFDY7026 | MKMINF20G069 |
| Денови на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 | 3 |
| Дата на аукција | 06.03.2007 | 20.03.2007 | 06.03.2007 | 20.03.2007 | 29.03.2007 |
| Дата на достасување | 06.06.2007 | 20.06.2007 | 05.09.2007 | 19.03.2008 | 02.04.2010 |
| Максимална каматна стапка | 6,79 | 6,80 | 7,24 | 8,50 | 8,001 |
| Минимална каматна стапка | 5,85 | 5,85 | 6,25 | 8,10 | 7,950 |
| Просечна каматна стапка | 6,40 | 6,43 | 6,96 | 8,37 | 7,999 |
| Просечна цена | 98,4092 | 98,3997 | 96,6013 | 92,2013 | 98,7150 |
| Понуда | 1.400.000.000 | 1.550.000.000 | 400.000.000 | 400.000.000 | 250.000.000 |
| Побарувачка | 1.448.180.000 | 1.485.930.000 | 558.870.000 | 389.090.000 | 216.000.000 |
| Реализација | 1.400.000.000 | 1.485.930.000 | 400.000.000 | 389.090.000 | 216.000.000 |
| Bid to cover ratio* | 1,03 | 1 | 1,40 | 1 | 1 |
| Доставени понуди | 53 | 56 | 22 | 18 | 9 |
| Прифатени понуди | 50 | 56 | 20 | 18 | 9 |

| | Резултати од аукции на ДХВ за април 2007 | | |
|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци |
| | DZ2007/07-91 | DZ2007/08-91 | DZ2007/04-182 |
| ISIN код | MKMINFDZ7074 | MKMINFDZ7082 | MKMINFDS7040 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 182 |
| Дата на аукција | 10.04.2007 | 24.04.2007 | 10.04.2007 |
| Дата на достасување | 11.07.2007 | 25.07.2007 | 10.10.2007 |
| Максимална каматна стапка | 6,80 | 6,35 | 6,99 |
| Минимална каматна стапка | 6,00 | 5,50 | 6,25 |
| Просечна каматна стапка | 6,59 | 6,25 | 6,83 |
| Просечна цена | 98,3627 | 98,4458 | 96,6639 |
| Понуда | 1.450.000.000 | 1.800.000.000 | 450.000.000 |
| Побарувачка | 1.194.970.000 | 2.177.690.000 | 544.390.000 |
| Реализација | 1.194.970.000 | 1.800.010.000 | 450.000.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | 1.190.170.000 | 1.799.810.000 | 450.000.000 |
| понуди | 4.800.000 | 200.000 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1,21 | 1,21 |
| Доставени понуди | 51 | 48 | 18 |
| Прифатени понуди | 51 | 48 | 14 |

* овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката

*Извор: Министерство за финансии*

## Министерство за финанси на Република Македонија
## Сектор за управување со јавен долг

### Пондерирани каматни стапки постигнати на аукциите на ДХВ




*Извор: Министерство за финансии*

### Побарувачка и реализација на ДХВ на аукциите јан-дек 2006 и јан-апр 2007




*Извор: Министерство за финансии*

www.finance.gov.mk

Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

Пондерирани каматни стапки на 3м ДЗ јан-дек 2005, 2006 и 2007




Пондерирани каматни стапки на 6м ДЗ јан-дек 2005, 2006 и 2007




*Извор: Министерство за финансии*

Реализирани ДХВ во 2006 и 2007, по месеци
(без ДЗ за монетарни цели)




Реализирани ДХВ во 2006 и 2007, по месеци
(со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финанси и на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

Состојба на недостасани ДХВ (без ДЗ за монетарни цели)




Состојба на недостасани ДХВ (со ДЗ за монетарни цели)




*Извор: Министерство за финансии*

Сопственичка структура на недостасани ДХВ, февруари 2007




Сопственичка структура на недостасани ДХВ, април 2007




*Извор: Министерство за финансии*

*Министерство за финансии и на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## *Просечно време на достасување (Average time to maturity-ATM*) на портфолиото со континуирани државни хартии од вредност*




*Average time to maturity (ATM) е индикатор кој го покажува ризикот од рефинансирање кој е особено релевантен кога достасаниот долг е потребно да се рефинансира со дополнителна емисија на нов јавен долг. ATM ја покажува просечната должина на време кога хартијата од вредност доспева и ја укажува сензитивноста на фондовите со фиксен приход врз промената на каматните стапки. Доколку просечната должина на време кај ATM е поголема, истата имплицира на поголемата чувствителност на промената на каматните стапки.

| | Државни записи | | Државни обврзници | | | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 години | | 3 години | | | |
| **Duration*** | 28 февруари 2007 | 30 април 2007 | 28 февруари 2007 | 30 април 2007 | 28 февруари 2007 | 30 април 2007 | 28 февруари 2007 | 30 април 2007 |
| Просечно денови | 102,61 | 110,69 | 526,42 | 465,35 | 914,98 | 912,35 | 216,31 | 231,53 |
| Просечно години | 0,28 | 0,30 | 1,44 | 1,27 | 2,51 | 2,50 | 0,59 | 0,63 |

*Duration е индикатор кој го покажува ризикот од промената на каматните стапки. Попрецизно, овој показател покажува колку брзо промените на каматната стапка би влијаеле на трошокот на долгот, односно која е промената на вредноста на хартијата од вредност со фиксен приход како резултат од 1% промена на каматните стапки. Кај индикаторот искажан во години Duration од 5 години значи дека вредноста на хартијата од вредност би се зголемила за 5%, доколку каматните стапки се намалат за 1% и обратно.

*Извор: Министерство за финансии*

Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на примарен пазар




*Извор: Министерство за финансии*

## 2.2 Секундарен пазар

### 2.2.1 Македонска берза

**ПРЕГЛЕД НА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД Скопје**

| Март 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 87,60 | 85,00 | 86,81 | 27.03.07 | 246.325 | 13.156.513 | 215.073 | 8,24% |
| РМДЕН01 | 82,00 | 82,00 | 82,00 | 15.03.07 | 1.739 | 87.235 | 1.426 | 10,48% |
| РМДЕН02 | 84,00 | 83,60 | 83,80 | 29.03.07 | 29.732 | 1.524.892 | 24.926 | 8,30% |
| РМДЕН03 | 82,50 | 81,00 | 82,00 | 29.03.07 | 220.600 | 11.075.166 | 181.048 | 8,17% |
| РМДЕН04 | 82,00 | 79,30 | 81,00 | 30.03.07 | 295.353 | 14.636.539 | 239.269 | 7,81% |
| РМДЕН05 | 81,90 | 80,00 | 80,79 | 30.03.07 | 466.167 | 23.085.902 | 377.370 | 7,13% |
| РМДЕН06 | 78,10 | 76,50 | 76,99 | 30.03.07 | 1.645.500 | 77.926.311 | 1.273.778 | 7,19% |

| Април 2007 год. | Макс. (%) | Мин. (%) | Последна просечна дневна цена (%) | Последен датум на тргување | Обем (НВ во ЕВРА) | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | Принос до достасување на обврзниците |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РМ01 | 87,20 | 86,70 | 86,90 | 30.04.07 | 440.001 | 23.388.583 | 382.329 | 8,39% |
| РМДЕН01 | 82,30 | 82,00 | 82,30 | 18.04.07 | 17.218 | 864.625 | 14.134 | 10,59% |
| РМДЕН02 | 84,00 | 83,70 | 83,70 | 30.04.07 | 307.404 | 15.758.008 | 257.502 | 8,52% |
| РМДЕН03 | 82,80 | 82,10 | 82,50 | 24.04.07 | 530.182 | 26.767.693 | 437.592 | 8,11% |
| РМДЕН04 | 82,00 | 80,00 | 80,37 | 30.04.07 | 410.511 | 20.345.320 | 332.599 | 8,17% |
| РМДЕН05 | 81,00 | 79,80 | 79,80 | 30.04.07 | 370.667 | 18.224.639 | 297.923 | 7,59% |
| РМДЕН06 | 78,50 | 76,50 | 77,20 | 30.04.07 | 2.203.623 | 104.125.497 | 1.702.215 | 7,20% |

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

**:ТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ НА ОФИЦИЈАЛНИОТ ПАЗАР НА БЕРЗАТА ВО 2006 И 2007 ГОДИН/**

| Странски инвеститори | Јан-06 | Фев-06 | Мар-06 | Апр-06 | Мај-06 | Јун-06 | Јул-06 | Авг-06 | Сеп-06 | Окт-06 | Ное-06 | Дек-06 | Јан-07 | Фев-07 | Мар-07 | Апр-07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обврзници* | 11,28% | 11,48% | 11,22% | 11,65% | 11,70% | 10,44% | 10,46% | 10,51% | 10,46% | 10,72% | 10,96% | 11,24% | 11,15% | 11,05% | 10,73% | 11,14% |

* Состојба на крајот на секој месец, добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност, а која се однесува на учество на странските инвеститори во вкупната номинална вредност на обврзниците на секундарниот пазар.

*Извор: Македонска берза АД Скопје*

Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Обем на тргување со државните обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

## Принос до достасување на државните обврзници




*Извор: Македонска берза АД Скопје*

## 2.2.2 Пазар преку шалтер

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДЗ во периодот мај-дек 2006 и јан-апр 2007




*Извор: НБРМ*

Склучени трансакции на пазарот преку шалтер на ДО во периодот јан-апр 2007




*Извор: НБРМ*

Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## Крива на принос на ДХВ на секундарен пазар




*Извор: НБРМ*

Министерство за финанси и на Република Македонија
Сектор за управување со јавен долг

## 3 КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ВТОР И ТРЕТ КВАРТАЛ ВО 2007 ГОДИНА

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови - години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| II | Април | *DZ2007/07-91* | 10/04/07 | 11/04/07 | 11/07/07 | 91 |
| | | *DZ2007/04-182* | 10/04/07 | 11/04/07 | 10/10/07 | 182 |
| | | *DZ2007/08-91* | 24/04/07 | 25/04/07 | 25/07/07 | 91 |
| | Мај | *DZ2007/09-91* | 08/05/07 | 09/05/07 | 08/08/07 | 91 |
| | | *DZ2007/05-182* | 08/05/07 | 09/05/07 | 07/11/07 | 182 |
| | | *DZ2007/10-91* | 22/05/07 | 23/05/07 | 22/08/07 | 91 |
| | | *DO2007/03-0509* | 31/05/07 | 04/06/07 | 04/06/09 | 02 |
| | Јуни | *DZ2007/11-91* | 05/06/07 | 06/06/07 | 05/09/07 | 91 |
| | | *DZ2007/06-182* | 05/06/07 | 06/06/07 | 05/12/07 | 182 |
| | | *DZ2007/12-91* | 19/06/07 | 20/06/07 | 19/09/07 | 91 |
| | | *DZ2007/03-364* | 19/06/07 | 20/06/07 | 18/06/08 | 364 |
| | | *DO2007/04-0510* | 21/06/07 | 25/06/07 | 25/06/10 | 03 |
| III | Јули | *DZ2007/13-92* | 10/07/07 | 11/07/07 | 10/10/07 | 91 |
| | | *DZ2007/07-182* | 10/07/07 | 11/07/07 | 09/01/08 | 182 |
| | | *DZ2007/14-91* | 24/07/07 | 25/07/07 | 24/10/07 | 91 |
| | | *DZ2007/04-364* | 24/07/07 | 25/07/07 | 23/07/08 | 364 |
| | Август | *DZ2007/15-91* | 07/08/07 | 08/08/07 | 07/11/07 | 91 |
| | | *DZ2007/08-182* | 07/08/07 | 08/08/07 | 06/02/08 | 182 |
| | | *DZ2007/16-91* | 21/08/07 | 22/08/07 | 21/11/07 | 91 |
| | | *DO2007/05-0809* | 23/08/07 | 27/08/07 | 27/08/09 | 02 |
| | Септември | *DZ2007/17-91* | 04/09/07 | 05/09/07 | 05/12/07 | 91 |
| | | *DZ2007/09-182* | 04/09/07 | 05/09/07 | 05/03/08 | 182 |
| | | *DZ2007/18-91* | 18/09/07 | 19/09/07 | 19/12/07 | 91 |
| | | *DZ2007/05-364* | 18/09/07 | 19/09/07 | 17/09/08 | 364 |
| | | *DO2007/06-0910* | 20/09/07 | 24/09/07 | 24/09/10 | 03 |

*Извор Министерство за финансии*

*Министерство за финанси и на Република Македонија*
*Сектор за управување со јавен долг*

## 4 ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ (податоци, контакти и провизии)

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116-830 3135-206 | 3116-433 | Било кој износ | 0,10% (мин. 150 ден.) | 0,10% (мин. 150 ден.) | |
| 2 | Еуростандард банка АД Скопје | 27 Март бб. | 3224-095 | 3228-444 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% (мин300 ден.) | 300 ден. |
| 3 | Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135-367 | 3114-166 | | | | |
| 3.1 | Инвестбанка АД Скопје (за 3 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 200 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 500 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,000 ден. Фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 1,500 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,14% (мин. 1,500 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,12% (мин.7,000 ден) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,10% (мин. 12,000 ден.) | | |
| 3.2 | Инвестбанка АД Скопје (за 6 месечни државни записи) | | | | 10,000-50,000 ден | 300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | 700 ден. фиксно | | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | 1,300 ден. фиксно | | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | 2,000 ден. фиксно | | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | 0,16% (мин. 2,000 ден.) | | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | 0,14% (мин. 8,000 ден.) | | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | 0,12% (мин. 14,000 ден.) | | |
| 3.3 | Инвестбанка АД Скопје ( државни обврзници) | | | | 10,000-50,000 ден | | 500 ден. фиксно | |
| | | | | | 60,000-100,000 ден | | 1,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 110,000-500,000ден. | | 1,300 ден. фиксно | |
| | | | | | 510,000-1,000,000 ден. | | 2,000 ден. фиксно | |
| | | | | | 1,010,000-5,000,000 ден. | | 0,17% (мин. 2,500 ден.) | |
| | | | | | 5,010,000-10,000,000 ден. | | 0,15% (мин. 7,500 ден.) | |
| | | | | | Над 10,010,000 ден. | | 0,13% (мин. 15,000 ден.) | |
| 4 | Интернационална приватна банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112-830 3134-060 | 3119-191 3124-288 | До 200,000 ден. | 200 ден. фиксно | 0,10%(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| | | | | | Над 200,000 ден. | 0,10% | | |
| 5 | Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122-393 | 3122-207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| 6 | Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113-494 | 3107-107 3111-133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| 7 | Комерцијална инвестициона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија б.б | 031/420-061 | 031/475-100 031/426-455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| 8 | Македонска банка АД Скопје | Бул. ВМРО, 3-12/2 | 3117-191 | 3117-111 | До 730,000 ден. | 800 ден. фиксно | | |
| | | | | | 730,000-27,270,000 | 0,11% | | |
| | | | | | Над 27,270,000 ден. | 30,000 ден. фиксно | | |
| 9 | Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254-130 046/254-133 | 046/206-600 046/265-330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10% (минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| 10 | Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220-389 3163-054 | 3112-862 3163-354 | Не работи со клиенти | | | |

| | Назив | Адреса | Телефакс | Тел.број | Номинален износ | Провизија за државни записи-успешна понуда* | Провизија за државни обврзници-успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219-901 | 3219-900<br>3219-948 | Било кој износ | 0,10% (мин.200 ден.) | 0,10% (мин.200 ден.) | |
| 12 | Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114-891<br>3224-844 | 3115-288<br>3115-880<br>3112-699 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| 13 | Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207-515<br>047/207-541<br>047/207-513 | 047/207-500 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| 14 | Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114-503 | 3295-295 | Било кој износ | 0,11% (мин.400 ден.) | 0,11% (мин.400 ден.) | 250 ден. |
| 15 | ТТК Банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236-444 | 3236-400 | Било кој износ | 0,10% (мин. 200 ден.) | | 200 ден |
| 16 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 12-та Ударна бригада, б.б | 3105-630<br>3105-681 | 3105-601<br>3105-606<br>3105-694 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| 17 | Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје | Вељко Влаховиќ 26 | 3239-688 | 3114-840<br>3115-844 | Не работи со клиенти | | | |
| 18 | Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286-000<br>3130-448 | 3286-100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| 19 | Т.Ц Зираат банкаси-подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110-013 | 3111-337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

Сите информации за провизиите на банките за купување на државните записи како и на државните обврзници во име на клиенти, Министерството за финансии на својата web страна www.finance.gov.mk редовно ги ажурира по добивање на известување од банките.

## 5 КОНТАКТИ

| Име | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 02 3106 396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Ана Стојкова | Раководител на Front Office | 02 3106 293 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| Билјана Крушаровска | Front Office | 02 3106 381 | Biljana.Krusarovska@finance.gov.mk |
| Дејан Николовски | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |
| Дарко Блажевски | Front Office | 02 3106 171 | Darko.Blazevski@finance.gov.mk |